Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА**
**СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА**

Се прогласува Законот за стручно образование и обука,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 30 мај 2006 година.

Бр. 07-2194/1
30 мај 2006 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
д-р **Љупчо Јордановски,** с.р.

**З А К О Н**
**ЗА СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА**

I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој закон се уредуваат организирањето, структурата и управувањето на системот на стручното образование и обука.

**Дефиниции**

Член 2

Одделни поими употребени во овој закон го имаат следново значење:

1. **Стручно образование и обука** е дел од системот на образованието кој обезбедува индивидуален развој на личноста преку стекнување компетенции, знаења и вештини неопходни за вклучување на пазарот на трудот или продолжување на образованието;

2. **Установа за стручно образование и обука** е установа чија претежна дејност е стручното образование и обука;

3. **Работодавачи** се трговско друштво, установа или занаетчија кај кои се изведува практична обука според тековните услови на нивната активност, при што оваа обука не претставува нивна претежна дејност;

4. **Социјални партнери** се здруженија кои ги претставуваат интересите на работниците и на работодавачите кои во соработка со органите на државната управа, единиците на локалната самоуправа го реализираат системот на стручното образование и обука;



www.pravdiko.com

5. **Стандард на занимање** е определување на видот на занимањето, нивото и барањата на работата и потребните компетенции, знаења и вештини;

6. **Модул** означува независна единица на учење, која како програмска целина овозможува стекнување со компетенции, знаења и вештини од одредена област и

7. **Диплома, уверение** се јавни исправи со кои се потврдува завршувањето на одредена програма за стручно образование и обука.

## Опфат на стручното образование и обука

Член 3

Стручното образование и обука опфаќа:

- **средно стручно образование и обука** е дел од средното образование кое овозможува иницијално стекнување со прво, второ или трето ниво на стручни квалификации и
- **постсредно стручно образование и обука** е дел од системот на образованието кое овозможува на лица кои се стекнале со средно образование да се стекнат со четврто ниво на стручни квалификации.

## Цели и задачи на стручното образование и обука

Член 4

Цел на стручното образование и обука е оспособување за работа, односно за продолжување на образованието.

Задачи на стручното образование и обука се:

- да обезбеди квалитетно стручно и општо образование во согласност со современото ниво на науката, технологијата и културата,
- да создаде услови за стекнување и надградување на соодветни нивоа на стручни квалификации во согласност со потребите на пазарот на трудот,
- да поттикнува интерес за стручното образование и обука,
- да развива компетенции, знаења и вештини неопходни за стручните активности на лицето, како и за самовработување во рамките на општеството засновано врз пазарните и демократските принципи и
- да обезбедува основи за доживотно учење.

## Системот на стручното образование и обука

Член 5

Стручното образование и обука, согласно со овој закон, го вршат установите за стручно образование и обука, работодавачите и социјалните партнери.

Установи за стручно образование и обука се:

- училиштата за стручно образование и обука кои реализираат општо и стручно-теоретско образование и практична обука и
- центрите за стручна обука во кои се реализира стручно- теоретско образование и практична обука.



www.pravdiko.com

## II. НАДЛЕЖНОСТИ ВО СТРУЧНОТО ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА

**Надлежности во стручното образование и обука**

Член 6

Надлежни за стручното образование и обука се министерството надлежно за образование (во натамошниот текст: Министерството), министерството надлежно за труд, Советот за стручно образование и обука и социјалните партнери.

**Надлежности на Министерството во областа на стручното образование и обука**

Член 7

Министерството има надлежност:

- да предлага на Владата мрежа на установи за стручно образование и обука,
- да дава мислење за престанокот со работа на установите за стручно образование и обука, на начин утврден со закон,
- да врши верификација на установите за стручно образование и обука, на начин утврден со закон,
- да врши акредитација на установи кои ќе организираат обука на наставниците,
- да донесува национални рамковни наставни планови и програми,
- во соработка со Стопанската комора на Република Македонија, Сојузот на комориte на Република Македонија и Комората на занаетчиите на Република Македонија (во натамошниот текст: коморите) да врши контрола кај работодавачите за исполнетоста на условите за реализација на практичната обука,
- по предлог на Центарот за стручно образование и обука (во натамошниот текст: Центарот) донесува наставен план и програма за стручно-дидактичка обука на обучувачите од работодавачите кај кои се реализира практичната обука,
- да ја утврдува Листата на стандарди на занимања за стручно образование и обука и да ја објавува во "Службен весник на Република Македонија" и
- да врши други работи согласно со закон.

**Надлежности на Министерството надлежно за труд во областа на стручното образование и обука**

Член 8

Министерството надлежно за труд има надлежност:

- да учествува во спроведувањето на државната политика во областа на стручното образование и обука, согласно со овој закон,
- да ги согледува потребите од кадар од стручно образование и обука преку анализа на пазарот на трудот и да доставува мислење за уписната политика до Советот,
- да учествува во подготвувањето и усогласувањето на стручните квалификации по стандарди,

- во соработка со Центарот да иницира потреби од изготвување на нови стручни квалификации по стандарди,

- да учествува во изготвувањето на Листата на стандарди на занимања,

- да учествува во организирањето на професионалното ориентирање на учениците и

- да врши надзор над прописите за условите за заштита при реализација на практичната обука.

## Совет за стручно образование и обука

Член 9

Владата на Република Македонија со одлука основа Совет за стручно образование и обука (во натамошниот текст: Советот) како советодавно тело кое предлага стратешки прашања кои се однесуваат на политиката на развој на стручното образование и обука.

Советот е составен од 11 члена од кои три члена од Министерството, од кои еден член е од Бирото за развој на образованието, по еден член од коморите, по еден член од министерството надлежно за труд, министерството надлежно за економија, министерството надлежно за финансии, мнозинскиот синдикат, Заедницата на единиците на локалната самоуправа и Агенцијата за вработување на Република Македонија.

При именувањето на членовите на Советот се применува начелото на соодветна и правична застапеност на заедниците во Република Македонија, имајќи ги предвид јазиците на кои се изведува наставата во средното образование, без да се нарушат критериумите пропишани со овој закон.

Во работата на Советот учествува и директорот на Центарот, без право на глас во одлучувањето.

Советот избира претседател од редот на своите членови. Мандатот на членовите на Советот трае пет години.

Советот ја уредува својата работа со деловник. За својата работа, Советот изготвува годишен извештај и го доставува до Владата на Република Македонија и до Министерството.

Стручно-административните работи за Советот ги врши Центарот.

Надлежностите на Советот се:

- дава мислење за стратегија за развој на стручното образование и обука,

- му предлага на Министерството измени и дополнувања на Листата на стандарди на занимања за стручно образование и обука,

- му предлага на Министерството национални квалификации и стандарди на занимања и

- во соработка со општините до Министерството доставува предлог за развој на мрежата на установите за стручното образование и обука.

## Надлежности на единиците на локалната самоуправа во областа на стручното образование и обука

Член 10

Советот на општината, односно на градот Скопје:

- врши анализа на потребите на пазарот на трудот на локално ниво и ги искажува согледувањата за потребите до Центарот и установите за стручно образование и обука,



www.pravdiko.com

- доставува предлози до Министерството и до Центарот за потребите за развој на наставните планови и програми и

- доставува предлози за уписната политика во стручното образование и обука до Министерството.

**Социјалните партнери во**
**областа на стручното образование и обука**

Член 11

Коморите ги вршат следниве работи:

- доставуваат предлози до Центарот за донесување на нови и иновирање на постоечките наставни планови и програми,

- доставуваат предлози до Центарот за изготвување на нови стандарди на занимања,

- учествуваат во комисиите за завршните испити во стручното образование и обука,

- водат Регистар на склучени договори меѓу установите за стручно образование и обука и работодавачите за практичната обука на учениците и

- до Министерството доставуваат годишен извештај за верифицираните работодавачи за изведување на практичната обука.

Член 12

Мнозинскиот синдикат доставува предлози за подобрување на условите за практичната обука на учениците кај работодавачите.

**Верификација на работодавачите за спроведување на практична обука**

Член 13

Работодавачите можат да вршат практична обука за ученици, доколку ги исполнуваат условите во однос на просторот, опремата и соодветен кадар.

Стандардите за опремата и просторните услови од ставот 1 на овој член ги изготвува Центарот, а ги донесуваат коморите за својата област.

Стандардот за стручен и друг кадар за спроведување на практична обука кај работодавачите го изготвува Центарот, а го донесуваат коморите по претходно позитивно мислење на Министерството.

Верификација на исполнетоста на условите од ставовите 1, 2 и 3 на овој член вршат коморите.

Коморите водат Регистар за верификација на работодавачите за практична обука.

Формата, содржината и начинот на водење на Регистарот за верификација на работодавачите за практична обука ги пропишува министерот надлежен за образование (во натамошниот текст: министерот).



www.pravdiko.com

## III. ОРГАНИЗИРАЊЕ НА СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА

### Права и обврски на установите за стручно образование и обука

Член 14

Установата за стручно образование и обука има право:

- да организира и остварува стручно образование и обука според одредбите на овој закон,
- да предлага измени и дополнувања на постоечките или да предлага нови наставни планови и програми и
- да може да се вклучува во комерцијални и економски активности, а финансиските средства стекнати од овие активности да се користат за подобрување на условите за работа во установата.

Установата за стручно образование и обука има обврска:

- да обезбеди безбедни работни услови во рамките на процесот на образованието и обуката,
- да ги исполнува обврските од договорите за обука,
- да ги доставува договорите за обука до коморите,
- да врши увид во реализацијата на договорите за обука и
- да им обезбеди на работодавачите навремени информации за тековните измени во наставните планови и програми.

### Права и обврски на работодавачите вклучени во практичната обука

Член 15

Работодавачот има право:

- да се стекне со финансиски, царински и даночни олеснувања пропишани со закон и
- да предлага измени и дополнувања на постоечките или да предлага нови наставни планови и програми.

Работодавачот има обврска:

- да ги постигнува целите за практична обука од наставните програми согласно со предвидениот фонд на часови,
- да склучи договор со установата за стручно образование и обука и со ученикот за реализација на практичната обука,
- да обезбеди надоместок за ученичката работа во согласност со условите пропишани со договорот и
- да обезбеди заштита при работа согласно со закон.

### Договори за обука

Член 16

За периодот поминат на обука се склучува договор за обука меѓу установата за стручно образование и обука, работодавачот и ученикот, а за малолетен ученик договорот го потпишува родителот, односно старателот на ученикот.



www.pravdiko.com

Во договорот од ставот 1 на овој член се уредуваат условите за обука, работата и надоместокот за работа.

Пред започнувањето на практичната обука договорот треба да биде потпишан.

Член 17

Содржината, формата и процедурата на потпишувањето на договорот за обука се утврдува од коморите.

**Видови стручно образование, траење и нивоа на стручни квалификации**

Член 18

Стручното образование и обука се остварува преку наставни планови и програми за:

1. **Стручно оспособување** наменето за работа со пониски барања кое дава практични знаења и вештини за различни подрачја на трудот.

Во програмите за стручно оспособување можат да се вклучат ученици кои завршиле основно образование и оние кои немаат довршено основно образование, но со обврска напоредно со стручното оспособување да се стекнат и со основно образование.

Стручното оспособување во зависност од сложеноста на занимањето трае до две години.

Со завршувањето на стручното оспособување учениците се стекнуваат со I ниво на стручни квалификации.

Учениците со завршено стручно оспособување од најмалку едногодишно траење своето образование можат да го продолжат во втора година во соодветно стручно образование за занимање.

2. **Стручното образование** за занимање е наменето за задоволување на потребите на стопанството.

Во стручното образование за занимање во прва година можат да се запишат ученици со завршено основно образование.

Стручното образование за занимање трае три години.

Стручното образование за занимање се изведува во училиште за стручно образование и обука, а практичната обука се изведува во училиштето и кај работодавачот.

Со завршувањето на средното стручно образование за занимање учениците се стекнуваат со II ниво на стручни квалификации.

Учениците со завршено стручно образование за занимање своето образование можат да го продолжат во четврта година во техничкото образование или по најмалку три години работна пракса да се вклучат во програми за постсредно стручно образование и обука (во натамошниот текст: постсредно образование).

3. **Техничкото образование** е образование кое првенствено подготвува кадри за вработување во сите сфери на трудот, но и за продолжување на образованието.

Во техничкото образование во прва година можат да се запишат ученици со завршено основно образование или со завршено стручно оспособување.

Техничкото образование трае четири години.

Со завршувањето на техничкото образование учениците се стекнуваат со III ниво на стручни квалификации.



www.pravdiko.com

Учениците со завршено техничко образование своето образование можат да го продолжат и на постсредно образование врз основа на континуирани програми или по две години работно искуство.

Учениците со завршено техничко образование своето образование можат да го продолжат на високо стручно образование.

Учениците со завршено техничко образование, своето образование можат да го продолжат и на високообразовните установи, доколку се стекнат со државна матура.

4. **Постсредно образование** и обука е образование кое финално подготвува кадри за определени професионални должности за одделни сегменти од процесот на трудот.

Учениците по завршувањето на постсредното образование се стекнуваат со IV ниво на стручни квалификации.

Учениците со завршено постсредно образование своето образование можат да го продолжат на високо стручно образование.

Начинот и постапката за преминување од еден во друг вид на стручно образование ги пропишува министерот.

5. **Образование на возрасните** се остварува во установите за стручно образование и обука како интегрален дел на доживотното учење, кое ги поврзува одделните сегменти и облици на образованието во единствен систем.

Начинот на остварувањето, планирањето, програмирањето, организирањето, управувањето и финансирањето на образованието на возрасните се уредува со посебен закон.

## Испити на крајот од стручното образование и обука

### Член 19

По завршувањето на секој вид на стручно образование и обука се полага испит за стручно осопособување, завршен испит, државна матура, специјалистички испит и мајсторски испит.

Учениците кои завршиле постсредно образование полагаат специјалистички испит, односно мајсторски испит.

Учениците кои завршиле техничко образование полагаат државна матура, односно завршен испит.

Учениците кои завршиле стручно образование за занимање полагаат завршен испит.

Учениците кои завршиле стручно оспособување полагаат испит за стручна оспособеност.

### Член 20

Испитните програми за мајсторски испит и испитните програми за стручна оспособеност за занаетчиски дејности ги донесува Комората на занаетчиите на Македонија, по претходна согласност од министерот.

Испитните програми за специјалистички испит ги изготвува Центарот во соработка со Стопанската комора на Македонија, а ги донесува министерот.

Структурата, организацијата и реализацијата на испитите на крајот од секој вид на стручно образование и обука ќе се уредат со подзаконски акт и со концепција за државна матура и за завршен испит кои ги донесува министерот.



www.pravdiko.com

**Дипломи, уверенија**

Член 21

Државно признати дипломи и уверенија се: -
уверение за стручна оспособеност,
- диплома за завршен испит,
- диплома за државна матура,
- диплома за специјалистичко образование и -
диплома за мајсторски испит.

Содржината, формата на образецот и начинот на издавањето на дипломите и уверенијата од ставот 1 на овој член ги пропишува министерот.

**Права и обврски на учениците во**
**стручното образование и обука**

Член 22

Учениците имаат право:

- да се префрлат од еден вид во друг вид на стручно образование и обука, односно од едно во друго ниво на стручни квалификации,

- за време на обуката да добиваат надоместок за работата кај работодавачот утврден во договорот,

- да користат летен и зимски одмор и

- да го раскинат договорот според условите утврдени во договорот.

Учениците имаат обврска:

- редовно да ја посетуваат практичната обука и да ги исполнуваат работните обврски утврдени во договорот,

- за време на обуката да ги следат упатствата за работа на работодавачот и училиштето за време на практичната обука,

- да ја чуваат службената тајна на работодавачот,

- да ги почитуваат правилата за заштита при работа и

- да ги исполнуваат и другите обврски наведени во договорот.

Другите права и обврски на учениците се пропишани со Законот за средното образование и со други прописи.

**Содржина на стручното образование и обука**

Член 23

Стручното образование и обука содржи:

- општо образование,
- стручно-теоретско образование и
- практична обука.



www.pravdiko.com

IV. ПОСТСРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА

**Содржина на постсредното образование и обука**

Член 24

Постсредното образование и обука се остварува преку наставни планови и програми за: - специјалистичко образование и

- мајсторски испит.

**Цели на постсредното образование и обука**

Член 25

Постсредното образование и обука обезбедува продлабочено оспособување за работа кое бара поседувања на специфични компетенции, знаења и вештини од технологијата, организацијата или водењето на оперативните работи во производството и услугите.

**Установи за постсредно образование**

Член 26

Установа за постсредно образование и обука е установа чија дејност е обезбедување на постсредно образование и обука.

Постсредно образование и обука може да се остварува во јавни и приватни установи, верифицирани од Министерството.

Услови за верифицирање на установа за постсредно образование и обука се: - да има обезбедено финансиски средства потребни за работа,

- да има донесено наставни планови и програми за постсредно образование и обука и

- да има обезбедено опрема, простор, соодветен кадар по сите предмети според педагошките стандарди и нормативи.

Стандардите и нормативите од ставот 3 на овој член ги изготвува Центарот, а ги донесуваат коморите по претходно позитивно мислење на Министерството.

**Запишување во установите за постсредното образование и обука**

Член 27

Во установите за постсредното образование и обука можат да се запишат лица кои се вработени кај работодавачи или се невработени и кои:

- сакаат да ги усовршат своите квалификации и

- сакаат да се здобијат со нова специјализација.

Лицата од ставот 1 на овој член можат да се запишат во постсредно образование и обука само ако имаат завршено техничко образование или стручно образование за занимање, согласно со членот 18 од овој закон.

Во специјалистичко образование може да се вклучи и лице кое има завршено гимназиско или уметничко образование и со тригодишно соодветно работно искуство.



www.pravdiko.com

**Права и обврски на лицата вклучени во постсредното образование и обука**

Член 28

Правата и обврските на лицата запишани во установите за постсредно образование и обука се утврдуваат во договор склучен меѓу лицето учесник и установата за постсредно образование и обука.

**Наставни планови и програми за постсредното образование и обука**

Член 29

Постсредното образование и обука се изведува според наставни планови и програми кои се модуларно дизајнирани.

Наставните планови и програми од ставот 1 на овој член за специјалистичко образование ги предлага Центарот, а ги донесува министерот. Наставните планови и програми од ставот 1 на овој член за мајсторски испит ги изготвува Центарот, а ги донесува Комората на занаетчиите на Македонија, по претходно позитивно мислење од Министерството.

Дел од модулите во постсредното образование се признаваат како кредити при преминот во високото стручно образование.

V. ЦЕНТАР ЗА СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА

**Основање**

Член 30

Центарот за стручно образование и обука е јавна установа за стручно образование и обука во Република Македонија.

Центарот го основа Владата на Република Македонија.

Член 31

Во Центарот се усогласуваат и интегрираат јавните интереси и интересите на социјалните партнери во стручното образование и обука во Република Македонија.

Центарот ја координира соработката со меѓународните институции и организации во областа на стручното образование и обука.

Член 32

Центарот ги врши следниве работи:

- го развива стручното образование и обука заради усогласување на потребите со современиот технолошки и општествен развој,

- дава поддршка на социјалното партнерство на сите нивоа и фази во планирањето, развојот и реализацијата на стручното образование и обука,

- го поврзува образованието и работата во контекстот на доживотно учење,

- ја развива на европска ориентација на стручното образование, со обезбедена транспарентност и конкурентност на стекнатите стручни компетенции, прилагодени на потребите на меѓународниот пазар на трудот,



www.pravdiko.com

- врши истражување на пазарот на трудот во соработка со социјалните партнери,

- учествува во спроведување на постапките за акредитација за обезбедување на услуги во врска со спроведување на програми за обука на соодветниот кадар по стручно-теоретските предмети и практичната обука,

- подготвува концепции за сите видови на стручно образование и обука,

- изготвува стандарди на занимања, како основа за изработка на наставните планови и програми,

- предлага и развива наставни планови за сите видови и нивоа на стручно образование и обука и истите ги доставува за мислење до Бирото за развој на образованието,

- изготвува модел на наставни програми за стручните предмети за стручното образование и обука,

- ги спроведува јавните набавки за обезбедување на услуги во изготвување на нови наставни програми за стручните предмети, односно осовременување на постојните наставни програми по стручните предмети, согласно со закон,

- го следи извршувањето на услугите на избраните понудувачи на услуги, во однос на квалитетот и извршувањето на услугите според утврдените рокови,

- предлага испитни програми, согласно со утврдените стандарди за спроведување на испитите на крајот на секој вид на стручно образование и обука,

- ги следи резултатите од испитите на крајот на секој вид на стручно образование и обука,

- изготвува и предлага Листа на стандарди за занимања за стручното образование и обука,

- обезбедува поддршка на стручното образование преку советување, инструирање и менторирање на наставниците и обучувачите по стручните предмети во стручното образование и обука,

- дава мислење за исполнетоста на условите на установите кои бараат верификација за реализирање на стручното образование и обука,

- изработува стандарди за простор и опрема на училиштата,

- посредува во кариерниот развој и професионалната ориентација на учениците во стручното образование и обука и

- предлага решенија за подобрување на врските меѓу стручното образование и основното образование, стручното образование и општото образование и стручното образование и високото образование.

Член 33

Центарот соработува со:

- Министерството за образование и наука,

- Министерството за труд и социјална политика, -

Министерството за економија,

- Агенција за вработување на Република Македонија, -

Државниот завод за статистика,

- Стопанската комора на Македонија,

- Занаетчиската комора на Македонија,

- Синдикатот,

- Бирото за развој на образованието,

- Државниот испитен центар,



www.pravdiko.com

- установите за стручно образование и обука,

- универзитетите во Република Македонија и

- меѓународните институции и организации од областа на стручното образование и обука.

## Управување и раководење со Центарот

Член 34

Со Центарот управува Управен одбор.

Управниот одбор е составен од девет члена и тоа по еден член од Министерството, министерството надлежно за труд, Заедницата на единиците на локалната самоуправа, по еден член од коморите и четири члена од редот на стручните работници вработени во Центарот.

При именувањето на членовите на Управниот одбор се применува начелото на соодветна и правична застапеност на заедниците во Република Македонија, имајќи ги предвид јазиците на кои се изведува наставата во средното образование, без да се нарушат критериумите пропишани со овој закон.

Мандатот на членовите на Управниот одбор трае пет години.

Членовите на Управниот одбор ги именува и разрешува Владата на Република Македонија.

Член 35

Управниот одбор на Центарот:

- го донесува Статутот на Центарот,

- ја усвојува годишна програма за работа на Центарот,

- предлага годишен финасиски план и завршна сметка до Владата на Република Македонија,

- објавува јавен оглас за именување на директор,

- врши интервју со кандидатите за директор од пријавените кандидати,

- врши избор на директор од пријавените кандидати на објавениот јавен оглас, -

одлучува по приговорите и жалбите на вработените во Центарот и

- врши и други работи утврдени со Статутот.

Согласност на Статутот на Центарот дава Министерството.

Член 36

Директорот на Центарот може да биде лице кое ги исполнува следниве услови:

- да биде наставник со најмалку седум години работно искуство во стручно образование или

- да биде вработен најмалку седум години во орган на управата надлежен за работите од областа на образованието.

Мандатот на директорот на Центарот трае пет години.

Член 37

Директорот на Центарот:

- ја организира и раководи со работата на Центарот,

- одговара за законитоста на работата на Центарот,



www.pravdiko.com

- го застапува Центарот пред трети лица,
- ја предлага годишната програма за работа на Центарот,
- ги извршува одлуките на Управниот одбор на Центарот,
- одлучува за правата од работен однос на вработените во Центарот и
- врши други работи утврдени со закон и со Статутот на Центарот.

## VI. ФИНАНСИРАЊЕ НА РАБОТАТА НА ЦЕНТАРОТ

### Член 38

Средставата за остварување на дејноста на Центарот се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија и од сопствени приходи од извршените услуги:

- легати, подароци, донации и
- други извори.

## VII. НАДЗОР

### Член 39

Надзор над спроведувањето на овој закон врши Министерството.

## VIII. КАЗНЕНИ ОДРЕДБИ

### Член 40

Со парична казна од 10.000 до 40.000 денари ќе се казни за прекршок одговорното лице кај работодавачот, ако:

- отпочне да врши практична обука за ученици пред донесувањето на решение за исполнетоста во однос на просторот, опремата и соодветен кадар (член 13),
- не склучи договор со установата за стручно образование и обука и со ученикот за реализација на практичната обука (членови 15 и 16),
- не обезбеди надоместок за ученичката работа во согласност со условите пропишани со договорот (член 16) и
- не обезбеди заштита при работа согласно со закон (член 16).

## IX. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### Член 41

Јавните средни училишта во кои се реализира стручното образование и обука во рок од една година од денот на влегувањето во сила на овој закон, ќе ја усогласат својата организација, работа, статутите и други општи акти на училиштето со одредбите од овој закон.

### Член 42

Владата на Република Македонија ќе го основа Центарот за средно стручно образование и обука во рок од шест месеца од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Владата на Република Македонија ќе го основа Советот за стручно образование и обука во рок од шест месеца од денот на влегувањето во сила на овој закон.



www.pravdiko.com

Член 43

Подзаконските акти утврдени со овој закон ќе се донесат во рок од една година од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 44

Вработените во Бирото за развој на образованието кои работат на работите на стручното образование и обука продолжуваат со работа како вработени во Центарот за стручно образование и обука од денот на неговото основање.

Средствата, опремата, инвентарот и документацијата поврзана со работата на вработените од ставот 1 на овој член ги презема Центарот од денот на неговото основање.

Член 45

Одредбите од Законот за средното образование ("Службен весник на Република Македонија" број 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/2002, 40/2003, 42/2003, 67/2004, 55/2005, 113/2005 и 35/2006) кои се однесуваат на средното стручно образование престануваат да важат со денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 46

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".



www.pravdiko.com